Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-515/2
12-10-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 515/1 од 27.09.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми против [redacted] Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 12.10.2022 години, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката за извршена дискриминација со бр. 08 – 515/1 од 27.09.2022 година, поднесена од [redacted] против [redacted] Скопје **поради неуредност.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 27.09.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted] против [redacted] Скопје.

Поднесената претставка не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и тоа: точна адреса на подносителот на претставката и фактите и околностите врз основа на кои се темели поднесената претставка.

Поради горенаведените недостатоци, Комисијата не беше во можност да достави барање за доуредување на претставката до подносителот. Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
12.10.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев